ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-1927
08.05 2020 год.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – МАРТ 2020 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 31.03.2020 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 27.246 илјади денари.

Во првите три месеци од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 203.316 илјади денари, кој во однос на 2019 е намален за 1%. Споредбено оперативните активности на друштвото, во делот на производство на картони, картонска амбалажа приходите се зголемени за 8%, односно оперативната активност со отпадна хартија приходите се намалени 66%. Зголемувањето на приходите во делот на производство на картони, картонска амбалажа е резултат на минатогодишните инвестициони вложувања и зголемени капацитети, како и зголемување на приходите на странски пазар.

Друштвото оствари оперативни приходи 555 илјади по основ на наплата на отпишани побарувања од купувачите, како и позитивни курсни разлики.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 177.186 илјади денари, кои во однос на 2019 се намалени за 13%. Зголемувањето/намалувањето на расходите гледано по сегменти следи:

- Намалени трошоци на суровините и материјалите 23%, покрај зголемена продажба, остварено преку пониска цена на основната суровина хартија, како и оптимизација со работа со суровина со поголема димензија, како и намалена откупна цена на отпадната хартија;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се на исто ниво од минатата година ;
- Зголемени трошоци за енергија поради зголемено производство;
- Зголемување на амортизација од 11% поради зголемување на вредноста на основните средства (инвестицијата од минатата година).

Во однос на претходната година ДС Смитх, АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема, освен во зголемување на неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни.

Друштвото имаше надворешна контрола од УЈП за ДДВ за период од 01.01.2017 – 31.10.2019 година и согласно Записникот не се утврдени неправилности во работењето.

**ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ**

Друштво за производство на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје

DS Smith – INTERNAL